# СЛУЖ

**НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА**

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 17 септември 1970

БЕЛГРАД

БРОЈ 40 ГОД. XXVI

Цена на овој број е 3,00 динари. — Аконтацијата на претплата за 1970 година изнесува 130 динари — Редакција: Улица Јована Ристића бр 1 Пошт. фах. 226. — Телефони: централа 50-931, 50-932 50-933 и 50-934. Служба за претплата 51-132: Продавна служба 51-671


**483.**

Врз основа на членот 20 став 1 во врска со членот 13 став 1 и членот 16 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/67, 23/67, 40/68, 11/69 и 15/70), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПРОИЗВОДИТЕ НА ЦРНАТА И ОБОЕНАТА МЕТАЛУРГИЈА

1. Производителските работни организации ги формираат продажните цени за валаните и влечените производи од челик и за определени производи и на обоените метали и за производите на преработката врз база на обоените метали според соодветните цени на тие производи на странскиот пазар.

Како определени производи на обоените метали и производи на преработката врз база на обоените метали во смисла на ставот 1 од оваа точка се подразбираат: бакар, олово, цинк, алуминиум; полуфабрикати валани, пресувани и влечени производи, одливки, отковки и отпресоци на бакар, олово, цинк, алуминиум и нивни легури; арматури; производи на кабелската индустрија; акумулатори; син камен; оловен и цинков оксид; цинк сулфат; литопон; антикорозиони премачкувања врз база на олово и цинк; алуминиум сулфат.

2. Сојузниот завод за цени определува, во согласност со критериумите утврдени со насоките на Сојузниот извршен совет, врз основа на кои соодветни цени на странскиот пазар производителските работни организации ги формираат своите цени за производите од точката 1 на оваа одлука и за тоа ги известува заинтересираните работни организации.

3. Цените формирани на начинот од точката 1 на оваа одлука производителските работни организации ќе ги усогласуваат секои шест месеци со промените на цените на странскиот пазар, ако цените на странскиот пазар во тој период се зголемуваат или намалуваат за повеќе од 5%.

4. Цените формирани според точката 1 на оваа одлука можат да се променат по пат на спогодување на заинтересираните работни организации (производители и потрошувачи-купувачи), согласно со одредбите на чл. 27 до 31 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Одлуката за определување на максималните цени за одделни производи на црната металургија („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/70) и Одлуката за максималните цени за алуминиум и за одделни производи од преработка врз база на алуминиум („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/70).

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п бр. 130
9 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател
**Митја Рибичич,** с. р.

---

**484.**

Врз основа на членот 20 став 2 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/67, 23/67, 40/68, 11/69 и 15/70), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ ЦЕНИ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ ЗЕЛЕНЧУК И ОВОШЈЕ

1. Во одлуката за гарантираните цени на определени видови зеленчук и овошје („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/66, 7/68, 26/68 и 4/70) во точката 8 став 1 по зборовите: „и понуди на Дирекцијата" се додаваат зборовите: „во индустриски сушилници".

Ставот 2 се менува и гласи:

„Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи е должна да ги преземе сушените и етивирани сливи по цена од:

| | Дин/kg |
|---|---|
| — за сливи крупни од 96 до 100 парчиња во 1/2 kg | 3,00 |
| — за сливи крупни од 86 до 95 парчиња во 1/2 kg | 3,10 |
| — за сливи крупни до 85 парчиња во 1/2 kg | 3,20". |

Во ставот 4 на крајот се додаваат зборовите: „и ако е сушена во индустриски сушилници".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 131
9 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич,** с. р.

**485.**

Врз основа на членот 20 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТИ

1. Во Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8 68, 13/69, 30/70 и 36/70), во точката 1 по тар. број 48.01 се додава нов тарифен број, кој гласи:

„49.11/1 Слики, гравури, фотографии".

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 132
9 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

**486.**

Врз основа на членот 69 од Законот за измени и дополненија на Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66), сојузниот секретар за надворешна трговија издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ДОГОВАРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ РАБОТИ НА УВОЗ НА ТРКАЛНИ ЛЕЖАИ

1. Во Наредбата за определување на стопанските организации за договарање и извршување работи на увоз на тркални лежаи („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/63, 19/69 и 20/70) во точката 2 одредбите под 2 и 15 се менуваат и гласат:

„2) „Технопромет", Белград;

15) „УМИС", Удружена метална индустрија, Сараево;".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П бр. 9027
4 септември 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
**Мухамед Хаџиќ**, с. р.

**487.**

Врз основа на членот 4 став 1, членот 25 став 4 и членот 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА АЛУМИНИУМ И НЕГОВИ ЛЕГУРИ

1 Решението за југословенските стандарди за алуминиум и негови легури („Службен лист на ФНРЈ", бр 42/59), престанува да важи.

2. Ова решение влегува во сила на 1 јануари 1971 година.

Бр. 05-4450/1
10 август 1970 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Славољуб Виторовиќ**, с. р.

---

**488.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА АЛУМИНИУМ И АЛУМИНИУМСКИ ЛЕГУРИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Профили, прачки и жици од алуминиумски легури. Технички услови за изработка и испорака — — — JUS C.C3.120

Цевки од алуминиум. Технички услови за изработка и испорака — JUS C.C5.020

Цевки од алуминиумски легури. Технички услови за изработка и испорака — — — — — — — — JUS C.C5.120

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1971 година.

Бр. 05-4449/1
10 август 1970 година
Белград

**Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Славољуб Виторовиќ, с. р.**

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 84 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И НАЗНАЧУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗНАТА КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ СО СТРАНСТВО

1. Се разрешуваат членовите на Сојузната комисија за културни врски со странство, и тоа: Бонка Демирова. Бранко Драшковиќ, д-р Милан Ѓурчинов. д-р Мирчета Ѓуровиќ, Мирјана Крстиниќ, Гојко Милетиќ, Александар Петровиќ, д-р Милан Прелог, Вуко Радовиќ, Милан Шкоро, Јошко Штрукељ и Калман Вајс.

2. За членови на Сојузната комисија за културни врски со странство се назначуваат и тоа:

1) Петре Богданов-Кочко, директор на Народниот театар во Скопје;

2) Миодраг Богиќевиќ, член на Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина;

3) д-р Владимир Брачиќ, член на Извршниот совет на Собранието на СР Словенија и претседател на Републичката комисија за културни врски со странство;

4 Милиќ Бугарчиќ, советник на државниот секретар за надворешни работи;

5. Џевад Даутовиќ, помошник претседател на Сојузниот совет за образование и култура;

6. Цветан Грозданов, директор на Музејот во Охрид;

7. Димитрие Кривокапиќ, член на Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора и претседател на Републичката комисија за културни врски со странство;

8) д-р Предраг Матвеевиќ, доцент на Филозофскиот факултет во Загреб;

9) Радун Миќковиќ, раководител на Групата за култура и уметност во Републичкиот секретаријат за образование, култура и наука на СР Црна Гора;

10) д-р Славко Мијушковиќ, директор на Историскиот архив во Котор;

11) Пуниша Павловиќ, секретар на Комисијата за културни врски со странство на СР Србија;

12) Миодраг Протиќ, управник на Музејот на современа уметност во Белград, и

13) Владо Вукотиќ, филмски критичар од Загреб.

Р. п бр. 84
23 јули 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Божовић Владимир;

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Јауковић Војин, Николић Андрија, Шекуларац Никола;

за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Гаговић Миљан, Јовановић Станко, Лопичић Павле, Милутиновић Бошко, Спахић Грујо;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Кажић инж. Андрија, Перуновић Велизар, Стијеповић Владимир, Врбица Мило;

Бр. 51
8 април 1969 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за заслуги на делото ширење братството и единството меѓу нашите народи

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Цвјетковић Љепосава;

за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Беламариќ Јосип, Вејин Владимир, Вериќ Тена;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Блашковиќ-Кодера Властимила, Блашковиќ Зденко, Хофман Славко, Јолиќ Стипан, Кerековиќ Терезија, Медведец Бранко, Потокар Слава, Влајковиќ-Мандиќ Сајка;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Алавања Петар. Авар Јосип, Бествина-Страпач Тонка, Блашковиќ др Конрад, Богдановиќ Бранко, Боровец Павао Брезовец Томо, Ђурко Иван, Ђурувија Стево, Чаушевиќ Нурија, Чоловиќ-Грубач Јелена, Докманац-Батковиќ Савета, Доленец Младен, Ферме Франц, Горета Анте, Гулубиќ Јосип, Илиќ Тоде, Ивек Иво, Каупа Иван, Крњоул Александер, Крвавица-Брезиќ Луција, Кунчевиќ Петар, Курбеговиќ Мустафа, Кушчер Ђуро, Кузмановиќ Перо, Лалиќ Петар, Матина Михајло, Матковиќ Андрија, Микац Мијо, Милец Иван, Минѓек Иван, Мусија Жељко, Новаковиќ Добривој, Остојиќ Вељко, Петровиќ Драгутин, Петровиќ Љубиша, Пискач Стјепан, Пленковиќ Бенедикт, Покорни Фрањо, Преложњак Драгутин, Рожиќ Ђука, Слунски Љубомир, Тамбуровиќ Фране, Вареника Никола, Велтруски Стјепан, Вукобратовиќ Миќо, Зовко Јозо;

за примерно залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Безбрадица Милан, Ковачевиќ-Хољевац Марица, Ледиќ Бруно, Улрих Славица;

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Амановиќ Јован, Бабиќ-Пухин Меланија Бањанац Васо, Баришиќ Душан, Братељевиќ Милош, Ђурувија Миле, Чикор Антун, Драгичевиќ-Почуча Деса, Ђериќ Милан, Холечек Богумил, Јаната Фрањо, Јелача Леополд, Јурињак-Босиљ Ана, Конрад Ђуро, Крчелиќ Златко, Кучар Андрија, Лацковиќ Иван, Макар Никола, Мариќ Милка, Мартиниќ Стјепан, Маруниќ Раде, Матоушек Антун, Мидељак Соња, Михуља Мијо, Њокош Здравко, Оршански Антун, Пахиќ Стјепан, Павловиќ Ружа, Пјеновиќ Алекса, Петелин Владимир, Понграц Стјепан, Продановиќ Јелена, Радослав-Горишек Марија, Рајаковиќ Ђуро, Секулиќ Јанко, Шањек Божо, Војновиќ Драган, Вучак-Павловиќ Катарина, Вучетиќ Божидар, Жубриниќ Нада.

Бр. 53
10 април 1969 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува по повод осумдесетгодишнината на животот, а за особени заслуги од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Вујачиќ Марко.

Бр. 55
11 април 1969 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Вуковиќ Владимир;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Матиќ Антон, Мирковиќ Ѓорѓе.

Бр. 56
11 април 1969 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА

483. Одлука за определување на максималните цени за производите на црната и обоената металургија — — 1069
484. Одлука за измени и дополненија на Одлуката за гарантираните цени на определени видови зеленчук и овошје — — 1069
485. Решение за дополнение на Решението за определување царински контингенти — 1070
486. Наредба за измена на Наредбата за определување на стопанските организации за договарање и извршување работи на увоз на тркални лежаи — — 1070
487. Решение за престанок на важењето на Решението за југословенските стандарди за алуминиум и негови легури — — 1070
488. Решение за југословенските стандарди за алуминиум и алуминиумски легури — — 1070

Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17